**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Славе Дончев**
**именуван за подрачјето на**
**Кочани,Берово,Делчево и Виница**
**ул. Маршал Тито бр.54/2**
**тел. 033 277-007**

**Образец бр.66**

**И.бр.560/21**

Извршителот **Славе Дончев** од **Кочани** врз основа на барањето за спроведување на извршување од **доверителот Стојан Костов преку полномошник адвокат Никола Донев од с.Спанчево** со седиште на С.Спанчево, засновано на извршната исправа П4-15/16; ГЖ-994/16 од 04.10.2016 на Основен суд Кочани; Апелационен суд Штип, против **должникот Горан Наков од с.Спанчево** со живеалиште на с.Спанчево, за спроведување на извршување во вредност 2.024.241,00 ден., на ден 03.05.2022 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба** со усно јавно наддавање на недвижноста означена како: **Недвижен имот запишан во Имотен Лист.бр. 1181 за КО Спанчево-вон град при АКН за Кочани** со следните ознаки:

Лист Б:

-Број на катастарска парцела 1068, место викано ,,Св.Атанас,, катастарска култура ГНЗ, површина од 1361 м2, со право на сопственост
Износ од 175.774,оо денари

**Недвижен Имот, запишан во имотен лист бр. 1039 за КО БАЊА при АКН за Кочани со следните ознаки:**

Лист Б:

-Број на катастарска парцела 123, место викано ,,ПЕТКОВ ДОЛ,, катастарска култура н, класа 4, површина од 3203 м2, со право на сопственост
Износ од 48.259,оо денари
-Број на катастарска парцела 124, место викано ,,ПЕТКОВ ДОЛ,, катастарска култура н, класа 4, површина од 3175 м2, со право на сопственост
Износ од 47.828,оо денари
-Број на катастарска парцела 125, место викано ,,ПЕТКОВ ДОЛ,, катастарска култура н, класа 4, површина од 4774 м2, со право на сопственост
Износ од 71.936,оо денари
-Број на катастарска парцела 126, место викано ,,ТУРСКА ЧУКАРКА,, катастарска култура н, класа 5, површина од 2529 м2, со право на сопственост
Износ од 32.675,оо денари
-Број на катастарска парцела 128, место викано ,,ТУРСКА ЧУКАРА,, катастарска култура н, класа 5, површина од 1377 м2, со право на сопственост
Износ од 17.780,оо денари

-Број на катастарска парцела 134, место викано ,,ПЕТКОВ ДОЛ,, катастарска култура л, класа 3, површина од 11787 м2, со право на сопственост

Износ од 101.469,оо денари

-Број на катастарска парцела 139, место викано ,,ПЕТКОВ ДОЛ,, катастарска култура л, класа 3, површина од 2796 м2, со право на сопственост

Износ од 24.065,оо денари

-Број на катастарска парцела 70, место викано ,,ПЕТКОВ ДОЛ,, катастарска култура н , класа 4, површина од 3612 м2, со право на сопственост

Износ од 54.415,оо денари

**Недвижен имот, запишан во имотен лист бр. 2102 при АКН Кочани за КО Спанчево со дел на посед 1/1, со следните ознаки:**

Лист Б:

Број на катастарска парцела 5374, дел 1, м.в. ,,СВ. АТАНАС,, катастарска култура зз пс, класа 5, површина 777 м2, сопственост

Износ од 6.673,оо денари

и врз **Недвижниот имот, запишан во имотен лист бр. 2122 при АКН Кочани за КО Спанчево – вон град со дел на посед 1/1, со следните ознаки:**

Лист Б:

Број на катастарска парцела 146, м.в. ,,БУЧКИ ДОЛ,, катастарска култура зз н, класа 7, површина 6988 м2, сопственост

Износ од 42.103,оо денари

кои се наоѓаат во сопственост и владение на **третото лице Мартин Наков од с.Спанчево** со живеалиште на с.Спанчево и на **должникот Горан Наков од с.Спанчево** со живеалиште на с.Спанчево заради наплата на паричното побарување на **доверителот Стојан Костов преку полномошник адвокат Никола Донев** од с.Спанчево,

Продажбата ќе се одржи на ден 26.05.2022 година во 13:00 часот во просториите на Извршител Славе Дончев со седиште на ул. Маршал Тито бр.54/2, Кочани.

**Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр. 560/21 од 27.12.2021 година, а намалена на предлог на доверителот изнесува 622.977,оо денари, под која недвижностите не може да се продадат на второто јавно наддавање.**

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: Нема товари.

Данокот на промет и други такси и трошоци кои ќе настанат по основ на купопродажбата и преносот на сопственоста паѓа на товар на купувачот. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210068434840226 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број МК5013013503330.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се

определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен Весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

ИЗВРШИТЕЛ
Славе Дончев

Д.-на: Должник, Трето лице, Доверител, Архива

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до надлежниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.